**Јас и моите мисли**

Во тишината на ноќта
кога светот спие,
моите мисли танцуваат
како ветер кој вие.

Секоја мисла нова слика,
преплавена од идеи разни
некои светли некои мрачни
како раскажани добри и лоши сказни.

Некогаш светли како ѕвезди на небото,
некогаш тешки како бури во морето.

Мислите трчаат, се бркаат без крај,
низ нивниот хаос се борам здив,
да најдам светлина, да најдам мир
да го истерам овој надвиснат облак сив.

Со секоја мисла создавам пат
каде јас сум добра во својот свет,
таму не постојат строги граници,
со мисли слободни како во лет.

**Јована Којдиноска**

**IX-2 одделение**

**ООУ „Кочо Рацин“- Охрид**

**Ментор: Наташа Неданоска**